**Македонски Телеком АД – Скопје**

Врз основа на Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Собранието на Друштвото, на својата седница одржана на 31.03.2016 година, ја донесе следната:

## Предлог Одлука

### за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

**Член 1**

Собранието на Друштвото ги избира:

- г-ѓа Сузане Крогман, државјанин на Република Германија и сегашен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, за Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат од 1 април 2016 година, и
- г-дин Карој Швејнингер, државјанин на Република Унгарија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат од 1 април 2016 година.

**Член 2**

Собранието на Друштвото ја констатира оставката на:

- г-дин Франк Полц, државјанин на Република Германија, од позицијата Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 1 април 2016 година.

**Член 3**

Мандатот на избраните членови на Одборот на директори на Друштвото ќе биде 4 години, во согласност со Статутот на Друштвото.

**Член 4**

Се овластуваат Главниот извршен директор и Главниот оперативен директор на Друштвото да ги преземат сите неопходни активности за доставување на оваа Одлука за цели на упис во Централниот регистар на Република Македонија, со бришење на г-ѓа Сузане Крогман како Неизвршен член и нејзин упис како Независен Неизвршен член на Одборот на директори, упис на г-дин Карој Швејнингер како Неизвршен член на Одборот на директори и бришење на г-дин Франк Полц како Независен Неизвршен член на Одборот на директори.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**

Преведено од Лингва Експерт